КУЛТУРА
БУЛ. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 68а
Тел: 3111-332; Факс 322 86 08

# Култура

КУЛТУРА
e-mail:ipkultura@unet.com.mk
www.kultura.com.mk

## ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИТЕ НА 35. СВЕТСКА ГАЛЕРИЈА НА КАРИКАТУРИ





Од отворањето на Светската галерија на карикатури

И покрај добиените ветувања од Министерството за култура, Галеријата се уште не ја добила потребната финансиска поддршка

# ГРАН - ПРИ ЗА РАШИД ЈАКАЛА ОД ТУРЦИЈА

КАТЕРИНА БОГОЕВА

Светската галерија на карикатури која го одбележува своето 35 - то издание, годинава му ја доделi наградата Гран при на Рашид Јакала од Турција. Второnаграден е Тошо Борковиќ од Србија и Црна Гора а третата награда му е доделена на Румен Драгостинов од Бугарија. Две специјални награди, им се доделени на Џемалетин Ѓузелоглу од Турција и на Ху Сан Хиао од Кина, а пак специјалната награда на Скопје, годинава ја доби карикатуристот Горан Ќеличанин. Добитник на специјалната награда “Глигор Костовски -Ѓишо е Јордан Поп Илиев од Македонија.

Главниот одговорен уредник на редакцијата “Остен”. Димитар Чудо, годинешното издание на Светската галерија на карикатури, го смета за вистински потфат. ”Искуство овој пат е навистина трагикомично. Отварањето на изложбата на перонот на Старата железничка станица се совпадна со ликвидацијата на НИП Нова Македонија и редакцијата “Остен” во чии што рамки се одржува Светската галерија на карикатури. Но сепак, задржано е квалитетното ниво на пристигнатите дела, но и континуитетот на манифестацијата која се вбројува во една од петте од ваков тип во светот, но и една од најстарите. Се надевам дека и ние како птицата Феникс, и ќе успееме повторно да се кренеме од нивото на кое сега се наоѓаме како редакција, но она што е многу важно, е што и покрај проблемите, успеавме да ја организираме манифестацијата на која пристигнаа околу 500 карикатури од 25 автори од 41 земји од сите светски континенти”.

Светската галерија на карикатури годинава, и покрај добиените ветувања од Министерството за култура, сеуште не ја добила потребната финансиска поддршка.